Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

________________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 463–та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2023 година**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев ја отвори 463-та седница на Судскиот совет на РСМ_и констатира  дека се исполнети условите за одржување на истата.

Седницата се одржа на ден 08.11.2023 година – среда во салата за седници со почеток од 10.00 часот.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и член на Советот
- **м-р Антоанета Димовска**, Член на Советот
- **Мери Радевска,** Член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р  Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска,** Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот

Отсутни членови – уредно поканети:

- **Кренар Лога**, Министер за правда и
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд –  членови на Советот по  функција, (доставено е известување од претседателот на Врховен суд по емаил дека поради неодложни обврски не може да присуствува.
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот (ќе се приклучи подоцна)

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секратар
- **Медиа Шаќири**, Советник
- **Александра Шоптрајанова,** Самостоен Референт

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- **Претставници од невладиниот сектор**
- **Новинари**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Сашко Георгиев**, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.Во продолжение го изложи дневниот ред.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по предложениот Дневен ред по што за збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска** и предложи да се дополни точката четири со донесување на одлука за објавување на огласи за избор на претседатели и за Основен суд Делчево, Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Виш управен суд.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот на членот на Советот **м-рТања Чачарова Илиевска** за дополнение и по гласањето констатира дека со 11 гласа ,,За“ и ниту еден против е усвоен предлогот за точка четири од предложениот Дневен ред да се прошири и да донесе одлука за објавување оглас за избор на претседатели покрај Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга и за Основен суд Делчево, Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Виш управен суд на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлог Дневниот ред за 463-та седница и констатира дека со 11 гласа ,,За“ и ниту еден против е усвоен следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседатели на Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Неготино,Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип;

2. Донесување на одлуки за определување на ВД претседатели на Виш Управен суд, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Кичево и Основен суд Неготино;

3. Донесување на одлука за утврдување за престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

4. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, основен суд Делчевго, Основен суд Крушево,Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга;

5.Одлучување по поднесено барање за патни трошоци;

6.Разгледување на Одлуки на Управен суд;

7. Донесување на одлуки за времено упатување на судии за вршење на судиска функција од еден суд во друг суд;

8. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- УППбр. 118/23,271/23;
- УППбр.133/23,175/23,190/23,220/23;
- УППбр.224/23,231/23,249/23,268/23,310/23;
- УПП.бр.166/23, 203/23, 212/23, 222/23, 284/23, 297/23, 308/23, 317/23;

9. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и

10.Разно.

## Точка 1

**Избор на претседатели на Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Неготино,Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип.**
Претседателот на советот наведе дека согласно член 36 ст.1 алинеја 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/2019) е предвидено дека Советот е надлежен да ги избира судиите и претседателите на судовите, а согласно член 47 и член 51 од законот за судовите е предвиден начинот и критериумите за оваа постапка.Согласно подзаконските акти Судскиот совет формира Комисија за проверка на временост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по објавени огласи за избор на Претседатели на Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Неготино,Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип. За констатираната состојба Комисијата изготви Извештај кој беше усвоен на седница на Советот и е доставена Одлука за изборот на кандидатите да продолжи. Спроведено е оценувањето на кандидатите за Преседатели на суд, психолошкиот тест, тестот за интегритет како и интервју по што се изготвени и доставени предлозите на кандидатите за избор на Претседатели на судови.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на **членот на Советот м-р Ивица Николовски** кој е претседател на Комисијата.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека е изготвен писмен Извештај со предлог листа на кандидати за Претседател на Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Кичево, Основен суд Неготино, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип**.** Истакан дека Судскиот совет на Република Северна Македонија врз основа на член 47 став 5 од Законот за судовите, објави оглас за избор на претседатели на,Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Неготино, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип објавен во "Службен весник на РСМ" бр.168/23, каде кандидатите за избор на претсдедател на суд треба да ги исполнуваат условите од член 47 од Законот за судовите. Наведе дека на 451- та седницата на ден 27.07.2023 година со одлука заведена под бр. 09-1557/2 од 31.07.2023 година е формирана Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на судови по донесената Одлука за објавување на огласи за избор на претседатели на ,Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Неготино, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип бр.09-1557/1 од 28.07.2023година, во состав од: М-р Ивица Николовски-претседател на Комисијата, Весна Дамева – член на Комисијата и Лорета Горгиева-член на Комисијата. Комисијата на ден 20.09.2023 година одржала седница и во однос на навременост и комплетност на пријавите со потребните документи на кандидатите согласно условите во објавениот оглас поднела Извештај заведен под бр. 09-1557/19 од 05.11.2023 година по кој Судскиот совет расправал на 457- та седница одржана на ден 09.10.2023 година и констатирал да продолжи постапката за избор на кандидатите Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип; Билјана Толова , судија на Основен суд Неготино; Орце Јанковски, судија на Основен суд Крива Паланка; Билјана Кижеска, судија на Основен суд Кичево; Амдије Зенку, судија на Основен суд Кичево; Флутурије Дервиши, судија на Основен суд Кичево и Бесник Авдија, судија на Основен граѓански суд Скопје. По однос на исполнување на условите од членот 45 од Законот за судовите и тоа да кандидатот поседува интегритет и социјални способности за вршење на судиската функција за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови и кандидатот да има познавање на практична работа со компјутери, Комисијата согласно на евиденцијата во Судскиот совет од спроведено психолошко тестирање на судиите констатирала дека за кандидатите Орце Јанковски, Флутурије Дервиши, Амдије Зенку и Билјана Толова треба да се спроведе полагање на психолошки тест и тест за интергитет, а нема да се спроведува проверка на познавање на практична работа со компјутери . Судиите Орце Јанковски, Флутурије

Дервиши, Амдије Зенку, Ацо Тасев и Билјана Кижеска се избрани пред 26.11.2010 година кога стапи на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (“Службен весник на РМ“ бр.150/10) со кој се воведе проверка на практична работа со компјутери, а судиите Билјана Толова и Бесник Авдија во 2019 година го положиле компјутерскиот тест пред Судскиот совет .Полагањето на психолошки тест и тест за интергитет е спро9ведено на ден 03.11.2023 година во просториите на Агенцијата ВИСТА и Психолошката лабораторија при Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ за што е доставено стручно мислење со кое секој од кандидатите се препорачува за избор на претседател на суд.По однос на законскиот услов од член 47 став 2 од Законот за судовите каде за претседател на суд се избира судија кој од страна на Судскиот совет е оценет со позитивна оцена, Судскиот совет од спроведеното редовно оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за периодот 2019 -2022 година на 457- та седницата одржана на ден 09.10.2023 година ги усвои следните крајните оцени на:-Судија Ацо Тасев, бодови 185, крајна оцена позитивна-Судија Билјана Толова , бодови 200, крајна оцена позитивна-Судија Орце Јанковски, бодови 171, крајна оцена позитивна

-Судија Билјана Кижеска, бодови 197, крајна оцена позитивна-Судија Амдије Зенку, бодови 200, крајна оцена позитивна- Судија Флутурије Дервиши, бодови 198, крајна оцена позитивна-Судија Бесник Авдија, бодови 172, крајна оцена позитивна

На ден 03.11.2023 година, согласно член 11 од Правилникот , Комисијата спровела интервју со кандидатите .За текот на спроведената постапка на начин и под услови утврдени со закон, Комисијата го состави овој Извештај со Предлог листа на кандидати за претседател на Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Кичево, Основен суд Неготино, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Штип

-По предлог листа на кандидати за претседател на Основен граѓански суд Скопје, Комисијата го предлага Бесник Авдија

-По предлог листа на кандидати за претседател на Основен суд Кичево, Комисијата ги предлага Флутурије Дервиши, Амдије Зенку и Билјана Кижеска,

-По предлог листа на кандидат за претседател на Основен суд Неготино, Комисијата ја предлага Билјана Толова,

-По предлог листа на кандидат за претседател на Основен суд Крива Паланка, Комисијата го предлага Орце Јанковски

- По предлог листа на кандидат за претседател на Основен суд Штип, Комисијата го предлага Ацо Тасев

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија и со оглед на тоа дека никој не побара збор го стави на гласање предлогот

за избор на претседател на Основен граѓански суд Скопје за Бесник Авдија –членовите гласаа со 11 гласа ,,За'' и ниту еден ,,Против''
Гласаат и припадниците на заедниците- со 4 гласа ,,За', мпо што **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ Е ИЗБРАН БЕСНИК АВДИЈА-СУДИЈА НА ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**

Согласно чл.51 ст.3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен усно на седница да ја образложи својата одлука за избор на претседател на суд.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** и даде збор на Мери Радевска член на Советот за да се произнесе.

**Мери Радевска член на Советот,** наведе:гласав ,,За'' за овој кандидат кој е единствен и има позитивна оцена, ги исполнува сите други услови предвидени со закон. Судија е во Основен граѓански суд Скопје, ги знае проблемите во судот и поради тоа сметам дека ќе ја извршува совесно и професионално работата како претседател. Во врска со овој кандидат во јавноста беа изнесени некои податоци и во овој момент можам да кажам дека она што е изнесено според моите сознанија е за настанот 2019-та година и сметам дека тоа не е причина кога нема утврдени факти, до овој момент во Советот сеуште не е расправано по претставка поднесена од некое лице кое засега не дал никакви податоци за контакт за да бара да се дополни претставка, сметам дека не е причина што би довела за да не гласам за овој кандидат. Овој кандидат положил и тест за интегритет и психолошки тест и затоа барем јас не би можела поинаку да гласам.

М-р **Антоанета Димовска -член на Советот** наведе дека доаѓа од тој суд и појасни гласав за кандидатот и му честитам на изборот, му посакувам успешна работа, навистина тој беше единствен кандидат кој ги исполнува сите услови. Точно е дека во јавноста во текот на вчерашниот ден се појави некоја претставка во судот која всушност е анонимна, настанот се случил 2019-та година со кој јас сум лично запознаена, но досега не се утврдувани некакви факти.Лично гледајќи ја сликата не можам да кажам дека тоа би била некаква грешка а и не е поведена некоја постапка, меѓутоа се испитувало дали тоа би можело да биде некоја дициплинска повреда, дури и

сметам дека е непримерно да се доставува еден ден пред изборот. Тој граѓанин или граѓанка можеле во секој момент да кажат и да го пријават настанот од 2019-та година. Му посакувам добро здравје, убаво да менаџира и да балансира бидејќи е најголем суд и има многу судии и многу работа и навистина треба да се работи темелно да се бид флексибилен но треба да се биде некогаш и строг.

**Лорета Горгиева член на Советот,** му честита на кандидатот и наведе: за мене е меродавно тоа што го кажа колешката Антоанета Димовска бидејќи таа доаѓа од тој суд. Како единствен кандидат има менаџерски способности и сметам дека и за судот и за Судскиот совет е најважно посебно во услови кога имаме недостаток на судии, а знаеме дека Основен граѓански суд е суд со можеби најголем број на предмети во Државата не само по бројка, но и по тежина. Му честитам на храброста да се биде менаџер во вакви услови и во ваков суд и навистина му посакувам среќа како менаџер. Нема да навлегувам за тоа што се случило во текот на претходниот ден истиот го сметам како тенденциозно со намера да се руши достоинството на кандидатот и само да надополнам дека не е нова пракса дека тоа со години наназад барем за тоа време колку што сме тука се случувало и за други кандидати токму со намера да се оневозможи изборот на определен кандидат. За мене доколку нема никаква кривична одговорност и нема никаква одлука со која би била доведена во прашање неговите лични преиспити нема причини за да не гласам за овој кандидат.

**М-р Ивица Николовски член на Советот,** наведе дека единствен кандидат за претседател на еден од поголемите судови можам да кажам е и Основен граѓански суд Скопје. Од целокупната работа како член на таа комисија и нејзин Претседател гласав за овој кандидат затоа што ги исполнува сите предвидени услови. Од оценувањето каде што се земаат мерливи критериуми во квалитетна смисла е оценет со позитивна оценка, има и познавања и има добро искуство а од неговата програма доставена до Судскиот совет кој аплицирал како Претседател може да се види дека има и визија и навлегува во работи и навистина би можел да даде и ќе даде еден позитивен придонес во навлегување на сите овие прашања како поефикасно да се справува. Во поглед на неговата личност јас би додал дека за кандидатот е спроведено психолошко тестирање, тест за личност и тест за интегритет и истиот е позитивно оценет така да јас немам дилема дека ние имаме искусна личност и очекувам дека овој кандидат успешно ќе продолжи да го води Основниот граѓански суд Скопје.

**Весна Дамева член на Советот,** наведе дека е единствен кандидат, ги исполнува сите услови и е позитивно оценет. Меѓутоа пресудно за мене беше зошто да го дадам мојот глас за овој кандидат е бидејќи видно од програмата, а и на самото интервју неспорно за мене произлезе дека овој кандидат има визија да ги надмине одредените слабости и поуспешно да продолжи да го раководи еден од поголемите судови во Државата и за тоа немав дилема.Немав дилема и по однос на одредени состојби бирејќи за мене неутврдените факти и од страна на Судскиот совет и било од кои институции до овој момент јас како член на Судски совет не можам истите да ги сметам како веродостојни кои се во насока на неуспешно менаџирање на судот.Се надевам дека успешно ќе ја води фукжнкцијата како Претседател и ќе даде свој придонес за овој суд.

**М-р Миљазим Мустафа член на Советот,** наведе дека му посакува многу здравје и среќа во неговата работа. Гласав ,,За'' од причина што како судија покажува добри резултати, не бил дициплински казнет во текот на неговата кариера, исто така и според колешките пред мене што наведоа дека навистина имал храброст да ја преземе оваа работа бидејќи се работи за најголемиот суд во Државата. Една од причините што исто така ме натера да гласам ,,За'' е и Програмата и акцискиот план што го имаше поднесено во текот на годината што ми дава надеж дека сериозно ќе се зафати и ќе ги подобри условите и функционирањето во најголемиот граѓански суд во Државата.

**М-р Селим Адеми член на Советот,** наведе: гласав,,За'' бидејќи е единствен кандидат, ги исполнува сите услови предвидени со закон, искуството од 20 години и 5 месеци работен стаж во тој суд е добар показател дека добро ги познава работите во судот и може да се соочува со судот. Ми останува само да му посакувам здравје и среќа.

**Павлина Црвенковска член на Советот,** наведе: го дадов својот глас ,,За'' за судијата Бесник Авдија кој што е единствен кандидат кој што конкурирал за претседател на Основен граѓански суд Скопје, позитивно е оценет, има доволно работно искуство од 20 години како судија имал време да се запознае со условите во Основен граѓански суд Скопје. Има способности да раководи со судот и согласно акцискиот план кој го има поднесено кога конкурирал. Му честитам.

**М-р Тања Чачарова Илиевска член на Советот** му честита на судијата Бесник Авдија на новата функција. Гласав исто така и јас ,,За'' затоа што од сите резултати што ги имаме како тестирање за неговиот

интегритет и социјални способности, од интервјуто што го направи Комисијата на Судскиот совет, произлегува дека истиот ги поседува сите способности и дава надеж дека успешно ќе ја извршува функцијата како претседател на Основен граѓански суд Скопје. Самиот факт што е единствен кандидат и немаме реакција од колегите од судот каде што досега работел и за кој е избран за Претседател, мене ми дава надеж дека навистина судијата Бесник Авдија поседува интегритет и способност да ја изврши успешно оваа функција.

**Ханиф Зендели Заменик претседател и член на Советот**, наведе гласав ,,За'' бидејќи сметам дека судијата Бесник Авдија ги поседува сите способности што ги кажавте сите, а посебно колешката Антоанета Димовска која го знае. Исто така и јас бев дел од Основен граѓански суд 2008 година, знам и која е работата и што Основен граѓански суд има во себе, еден од најголемите судови во Државата. Желбата негова беше да се пријави како кандидат за Претседател и еве дојде време истата да се исполни и времето ќе покаже како ќе менаџира со судот за што и ние денес му даваме поддршка.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев,** истакна дека лично го познава колегата, му честита. А од друга страна во овие критични осврти кон судството со изразени критики некаде и основани значи јас само ќе му честитам на храброста да се нафати да раководи со еден од најголемите судови во Државата, од друга страна неговото искуство, неговата програма, неговата посветеност ме убедуваат дека ќе даде се од себе за да може да допринесе и подобрува состојбите генерално во судството, а особено во граѓанскиот суд каде што ќе биде претседател. Очекувам за кратко време да има видливи резултати.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по однос за избор за претседател на Основен суд Неготино, откако никој не се јави за збор предлогот за избор на претседател на Основен суд Неготино за судијата Биљана Толова го стави на гласање и констатира дека со 11 гласа ,,За'' и ниту еден ,,Против'' е донесена следната

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО Е ИЗБРАНА БИЛЈАНА ТОЛОВА-СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**

Согласно чл.51 ст.3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен усно на

седница да ја образложи својата одлука за избор на претседател на суд.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев,** истакна дека гласа,,За'' бидејќи е единствен кандидат и дека судијата Билјана Толова за овие четри години успешно ја извршуваше работата како претседател на овој мал суд. Така да искрено и честитам за нејзината посветеност и храброст да и понатаму продолжи со функцијата претседател.

**Мери Радевска член на Советот,** наведе дека гласа,,За'' затоа што ги исполнува условите за да биде избрана за претседател која е единствен кандидат каде што и досега беше претседател и успешно ја извршуваше функцијата.

**М-р Антоанета Димовска член на Советот,** наведе дека гласа,,За'' бидејќи гледа од податоците дека досега била претседател и успешно ја извршила функцијата. И честита и и посакува успешна работа.

**Лорета Горгиева член на Советот,** наведе дека и честита на колешката Билјана Толова, сметам дека е успешен менаџер и од претходниот мандат, нека продолжи и со овој мандат, амбициозна, млада судија, амбициозен претседател и добро да го екипира судот бидејќи имаме судии и стручна служба во тој дел и ние да помогнеме.

**М-р Ивица Николовски член на Советот,** наведе дека гласа,,За'' колешката Билјана Толова, нека продолжи и во иднина со должноста Претседател на Основен суд Неготино, од причини што прво и јас како координатор на овој суд и колегите од Судскиот совет, ја следиме неговата работа во менаџирање, секогаш била позитивно оценета од наша страна. Моето лично видување е дека се работи за искусна личност, амбициозна личност која понатака сака да продолжи да го раководи овој суд со силно развиени социолошки и морални квалитети а со самото оценување е носител на високи бодови кое кажува дека има искуство во работењето во менаџирањето од стручност и професионалност. Честитки за изборот.

**Весна Дамева член на Советот,** истакна дека кандидатот е единствен и има позитивна оценка и неспорни се нејзините квалитетни резултати,тоа е докажано и од претходниот мандат кога ја извршуваше функцијата се до денес како претседател на Основен суд Неготино. Меѓутоа кај мене преовладуваше покрај овие факти она што еден период бев координатор на овој суд и овој судија тогаш претседател на

суд со својот интегритет, со својата макотрпна работа успеа да ги третира одредени состојби и успеа и покрај се да ги надмине истите и затоа сметам дека само така треба да продолжи во наредниот период бидејќи нејзините резултати зборуваат дека навистина успешно менаџира со судот и покрај тоа што овој суд ниту има пополнето судиски места како впрочем и во многу други судови во Државата.

**М-р Миљазим Мустафа член на Советот,** истакна дека Гласа ,,За'' бидејќи ги исполнува условите, досега не била казнета а според податоците и извештаите што ги имаме добиено од овој суд досега покажала менаџерски способности во менаџирање со судот како претседател на овој суд.

**М-р Селим Адеми член на Советот,** наведе дека гласа,,За'' бидејќи е единствен кандидат и нема никаква забелешка во неговото работење, добро се справува со судот и нека продолжи и понатаму исто да раководи.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека во салата е присутен **Мирсад Суроји, член на Советот.**

**Павлина Црвенковска член на Советот,** наведе дека гласа,,За'' бидејќи е единствен кандидат за Основен суд Неготино, позитивно е оценет, ги исполнува сите услови согласно законот, има доволно стаж во Основен суд Неготино, успешно ја извршуваше досега функција претседател на судот и се надевам и понатаму ќе продолжи. И честитам.

**М-р Тања Чачарова Илиевска член на Советот,** наведе дека судијата Билјана Толова е млада личност и исклучително професионална. Го кажувам ова затоа што бев член на Работната група за контрола на судот во изминатиот период, имав можности лично да се запознавам со нејзините професионални способности како претседател на овој суд. Во минатиот четиригодишен период покажа одлични резултати и одлична кооперативност во работата на Судскиот совет, сметам дека од нејзина страна беше многу позитивно што ги сподели со Судскиот совет и заеднички да ги надминеме таквите проблеми во функционирањето на судот. Честитам за изборот.

**Ханиф Зендели Заменик претседател и член на Советот**, наведе дека гласа ,,За'' бидејќи судијата Билјана Толова покажа резултати од нејзиното претходно искуство и ќе продолжи да го раководи со судот. Оценета е со позитивна оценка над 197 бода, и честитки за изборот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија и со оглед на тоа дека никој не побара збор **согласно ранг листата** го стави на гласање предлогот за избор на претседател на Основен суд Кичево за судијата Флутурије Дервиши – членовите гласаа со 12 гласа ,,За” и ниту еден ,,Против”**.** Гласаат и припадниците на заедниците со 5 гласа ,,За’’, по што **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО Е ИЗБРАНА ФЛУТУРИЈЕ ДЕРВИШИ СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО**

Согласно чл.51 ст.3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен усно на седница да ја образложи својата одлука за избор на претседател на суд.

**Мери Радевска член на Советот,** наведе дека гласа за овој кандидат бидејќи ги исполнува сите услови, има најдолг стаж во судот како судија, има позитивна оцена, ги има сите квалитети што треба да ги има еден раководител. Учествував во нејзиното оценување кога беше огласот за Апелационен суд Гостивар и лично имав прилика да се уверам во врска со нејзината работа и квалитети и сметам дека е исклучителен способен судија и дека ќе ја подобри состојбата во основниот суд Кичево.

**М-р Антоанета Димовска член на Советот** наведе дека ниеден од кандидатите за Основен суд Кичево лично не ги познавам, но верувам во Комисијата која спроведе постапка за урврдување на кандидатура. Пред се и давам предност затоа што е со најдолг стаж и истата навистина покажала извонредна презентација на својата визија како ќе го раководи судот и тоа беше што ме натера да го давам мојот глас. И честитам на колешката и и посакувам успешна работа.

**Лорета Горгиева член на Советот,** и честита на избраниот претседател, ќе кажам дека сите кандидати ги исполнуваа условите тоа што е кај мене како член на комисијата која имав прилика да извршам интервју со кандидатите, ќе кажам дека навистина ми остави впечаток новоизбраната претседателка. Лично впечатокот што го имам е дека ги

знае состојбите во судот и посочи конкретни неколку работи што упатува на тоа дека навистина ја познава и си ја знае работата и како судија и во делот на менаџирањето на работите во судот. Дополнително морам да кажам дека тоа што ми остави впечаток е дека на еден многу умешен начин без да го нападне претходниот менаџмент на претходната претседателка истата посочи конкретни работи со кои ќе се зафати доколку би била избрана за претседател што навистина ми остави позитивен и добар впечаток и сметам дека добро ќе менаџира со судот.

**М-р Ивица Николовски член на Советот,** наведе дека како претседател на Комисија има позитивна критика за овој избран кандидат. Имајќи во предвид дека имавме три кандидати кои се сите квалитетни, но изборот беше за колешката Флутурије Дервиши.
Моето лично убедување и глас за овој кандидат прво е дека е со најголем стаж во однос на другите кандидати и второ како сите гледни критериуми што ми дава за право да констатирам дека се работи за една искусна личност во стручно познавање но и со визија јасно ги наведе потребите во основен суд Кичево како на нивно решавање и нивно подобрување. Значи личност со силни социолошки вештини, етика, искуство и очекувам успешно менаџирање во судот како претседател.

**Мирсад Суроји член на Советот**, наведе дека гласа ,,За'' и покрај тоа што и другите кандидати ги исполнуваат условите за кандидат за претседатели, но им верувам на колегите и на Комисијата. Истата била предложена како личност со најдолг судиски стаж а и од евиденцијата што ја имам е дека истата е оценета со позитивна и највисока оценка, се надевам дека успешно ќе раководи со Основниот суд Кичево, и посакувам многу здравје и успех во иднина.

**Весна Дамева член на Советот,** истакна дека има тројца кандидати за овој суд и навистина е тешко да се одлучи бидејќи и тројцата кандидати имаат квалитативни и квантитативни резултати кои зборуваат за многу мала разлика во тој дел. Имајќи во предвид дека малата разлика во бодови тоа го зборува. Меѓутоа од друга страна овој кандидат има најголем судиски стаж во овој суд односно воопшто како судија и тоа со разлика речиси пет години бидејќи е избрана 2005 година во однос на другите кандидати кои се избрани 2010 година и тоа е првата причина за која го дадов гласот, а втора и најважна причина е дека бидејќи имав можност непосредно да остварам контакт со овој кандидат и тоа при првото вонредно оценување за избор на судија во повисок суд и по предметната постапка при спроведеното интервју. Навистина ми остави

впечаток, морам да го изразам мојот став бидејќи се надевам дека нема да имам сомнеж дека би влијаела на некој од вас колеги меѓутоа навистина даде конкретни детектирани состојби, слабости и даде нејзино размислување како да ги подобри и тоа го имаше дури и во самиот акционен план со која единствена со конкрени временски рамки и веруванм дека ќе успее бидејќи нејзините ставови се изразени и во програмата и во акциониот план.

**М-р Миљазим Мустафа член на Советот,** истакна дека гласа ,,За'' и четитам на новоизбраната претседателка во основен суд Кичево, Кога работев во министерство за правда имав прилика да се запознавам и навистина можам да кажам дека е професионалец во вистинската смисла на зборот се надевам дека и како претседател ќе биде така. Ги исполнува законските услови и тоа што не била казнета досега и исто така по Програмата и акциониот план приложена од нејзината кандидатура укажува јасни и позитивни знаци дека успешно ќе менаџира со судот. Исто така сакам да поздравам и да и честитам на досегашната претседателка која што навистина го претставуваше судот и успеа да го изврши мандатот до крај.

**М-р Селим Адеми член на Советот,** наведе дека ги познава тројцата кандидати, било кого да избереме нема да згрешиме, сепак еден треба да биде претседател во судот. Се одлучив да гласам за Флутурије Дервиши бидејќи има 18 години работен стаж, а исто така и сум уверен дека Флутурије Дервиши беше ВД претседател во судот еден период се справуваше добро со судот е добар менаџер и ги познава работите, останува само да и честитаме и многу успех во работата.

**Павлина Црвенковска член на Советот,** наведе дека гласа за судијата Флутурије Дервиши, со оглед на тоа дека има судиски стаж од 18 години и позитивно е оценета, покажува добри резултати. По излагање на Комисијата која го спроведувала интервјуто, во однос на програмата за работа и како ги решава работите работите во судот и посакувам многу успех.

**М-р Тања Чачарова Илиевска член на Советот,** наведе дека лично не ги познава ниту еден од идните кандидати за претседател на овој суд, но судијата Флутурије Дервиши  од сите кандидати има најголем судиски стаж. Пред извесно време како што спомна и колегата Селим Адеми беше и ВД претседател на овој суд и оваа функција успешно ја извршуваше и покажа добри организациски способности се справи со многу работи  во судот за овој двегодишен мандат. Верувам дека ќе

одговори на оваа функција како претседател на Основен суд Кичево. И честитам со надеж дека успешно ќе работи.

**Ханиф Зендели Заменик претседател и член на Советот**, наведе дека, исто така како што кажаа некои од колегите ги познавам сите тројца кандидати, сите тројца се солидни судии. Се одлучив да гласам за судијата Флутурије Дервиши бидејќи беше прв кандидат и сметам дека има способности да се справи со судот, знаеме дека Основен суд Кичево е во една состојба каде што има само четворица судии а другите се делегирани во други судови еден судија има и во Гостивар, сметам дека истата ќе се справи со судот и ќе излезе со добри резултати.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев,** истакна дека гласа ‚За" бидејќи судијата Флутурије Дервиши е прва на ранг листата пред се од причина што гледам дека и е со најголемо судиско искуство од 18 години во однос на другите кандидати. Лично ги познавам и другите кандидати и сите три ми оставија добар впечаток дека можат и знаат да раководат, но пресудно беше искуството од 18 години. И честитам и верувам дека има можност да покаже дека знае и умее да се справи со таквите предизвици и очекувам добри резултати.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија и со оглед на тоа дека никој не побара збор го стави на гласање предлогот за избор на претседател на Основен суд Крива Паланка за судијата Орце Јанковски – членовите гласаа со 12 гласа ,,За" и ниту еден ,,Против", по што **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА Е ИЗБРАН ОРЦЕ ЈАНКОВСКИ - СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА**

Согласно чл.51 ст.3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен усно на седница да ја образложи својата одлука за избор на претседател на суд.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев,** истакна дека колегата Орце Јанкоски досега е и судија од периодот 2006 година, мегу другото еден период бил и ВД претседател а од друга страна единствен кандидат. Станува збор за мал суд но со доста работа бидејќи сум и

координатор за некој период познато ми е дека овој суд има прилично предмети за работа. Очекувам дека колегата Орце Јанкоски во иднина да се справи со овој предизвик а ние како Совет му стоиме на располагање во делот на нашите можности.

**Мери Радевска член на Советот,** истакна дека гласа за овој кандидат бидејќи ги исполнува сите законски услови, е единствен кандидат, има долгогодишно работно искуство и сметам дека ќе ги остварува очекувањата во врска со квалитетно извршување на претседателската функција.

**М-р Антоанета Димовска член на Советот,** наведе дека се работи за судија со 17 години работен стаж, досега бил ВД претседател и успешно се справувал со сите предизвици како и сите судови низ Државата. И како претседател ќе го прави истото така да му честитам.

**Лорета Горгиева член на Советот,** наведе дека гласав за овој кандидат сметам дека искуството од 17 години како судија во судот и тековен менаџмент ќе бидат доволни да направи и изврши во рамки на тоа што го има на располагање и да бара во иднина докомплетирање на судот за уште подобар менаџмент и немам сомнеж дека успешно ќе ја извршува функцијата и му испраќам честитки.

**М-р Ивица Николовски член на Советот,** наведе дека гласа за судијата Орце Јанкоски за претседател на Основен суд Крива Паланка, кој е единствен кандидат со доволно искуство како судија во овој суд по сите критериуми е високо рангиран што укажува дека се работи за искусен судија и ги исполнува сите предвидени критериуми.

**Мирсад Суроји член на Советот**, наведе дека гласа за наведениот кандидат затоа што ги исполнува условите и јас како координатор во тој суд знам дека е чесен човек, совесен стручен и судија со интегритет со кој има одлична соработка и се надевам дека успешно ќе раководи со судот.

**Весна Дамева член на Советот,** истакна дека е единствен кандидат и овој кандидат е судија од 2006 година во судот и сигурно темелно и детално е запознаен со сите работи во судот и имајќи ја во предвид програмата која детално е елаборирана што планира со временска рамка кои се сите наредни чекори во текот на четри годишниот мандат. Од интервјуто со овој кандидат јасно произлезе дека станува збор за човек со интегритет и со високи морални вредности, а од друга страна

квалитативните и квантитативните работи кажуваат за стручност искуство и слично.

**М-р Миљазим Мустафа член на Советот,** истакна дека гласа ,,За'' и му честитам на претседателот на Основен суд Крива Паланка. Единствен кандидат долгогодишен судија со добро покажани резултати квалитативните и квантитативните од неговото работење и мислам дека успешно ќе раководи со работите во судот како претседател.

**М-р Селим Адеми член на Советот,** наведе дека гласа ,,За'', освен тоа што е единствен кандидат, шест години бев координатор на Основен суд Крива Паланка, искрено заслужува бидејќо претходно секогаш им даваше предност на жените и на постарите и мислам дека добро ќе раководи со судот.

**Павлина Црвенковска член на Советот,** наведе дека гласа За судијата Орце Јанкоски од причина што има доволно судиско искуство во Основен суд Крива Паланка од 17 години, позитивно е оценет и има искуство и како ВД претседател на судот и се надевам дека успешно ќе менаџира со основен суд Крива Паланка.

**М-р Тања Чачарова Илиевска член на Советот,** наведе дека гласа за судијата Орце Јанкоски за претседател на Основен суд Крива Паланка затоа што е долгогодишен судија, исто така досега има искуство во вршење на функцијата претседател, како ВД претседател на овој суд во изминатиот период. Од добиените резултати од психолошкото тестирање и од спроведеното интервју покажал одлични резултати, се надевам и во иднина ќе продолжи да работи успешно со менаџирање на судот.

**Ханиф Зендели Заменик претседател и член на Советот**, наведе дека гласа за судијата Орце Јанкоски, смета дека со својот придонес ќе го покаже неговото знаење, а со искуството од 17 години ќе може успешно да се справи со работите и обврските на овој суд.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија и со оглед на тоа дека никој не побара збор го стави на гласање предлогот за избор на претседател на Основен суд Штип за судијата Ацо Тасев и контстаира дека со 12 гласа ,,За'' и ниту еден ,,Против'' е донесена следната

**О Д Л У К А**

## ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ШТИП Е ИЗБРАН АЦО ТАСЕВ - СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД ШТИП

Согласно чл.51 ст.3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот со право на глас е должен усно на седница да ја образложи својата одлука за избор на претседател на суд.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев,** истакна: колегата е од судот од каде и јас потекнувам, колегата Ацо Тасев лично го познавам кој е единствен кандидат, му честитам на храброста и на посветеноста дека се нафати на оваа функција, има богато судиско искуство и очекувам истиот да допринесе и да се врати довербата во судството и успешно да раководи со овој суд. Искрено му честитам и очекувам позитивни резултати од неговото работење.

**Мери Радевска член на Советот,** истакна дека му честита на колегата, судија е од 1996 година, има огромно искуство и знаење, ги исполнува законските услови да биде претседател на судот и сметам дека успешно ќе менаџира со судот.

**М-р Антоанета Димовска член на Советот,** наведе дека не го познава колегата лично, но знам дека сме избрани на ист ден 28.06.1996 година и слушам дека бил успешен и добар судија, му посакувам успешна работа како претседател и добро е што после 27 години добил унапредување бидејќи за жал моите други колеги од мојата генерација и покрај сите резултати не добија никаква шанса да покажат и да се унапредат на повисоко ниво. Му честитам уште еднаш.

**Лорета Горгиева член на Советот,** му честитам на колегата Ацо Тасев, навистина заслужено ќе кажам дека освен долгогодишниот стаж кој работел како судија се работи за колега кој исклучително е амбициозен и вклучен во сите работи во судот, во врска со предавањето во Академијата и соработка со нив, активно учествува во Здружение на судии и целокупното негово ангажирање не само како судија, туку и надвор од судот. Сметам дека нема да има тешка задача да менаџира со Основен суд Штип бидејќи доаѓам од апелационото подрачје Штип и знам дека имаат исклучително добри и успешни судии со кои сметам дека воопшто нема да биде тешко да се работи и да се менаџира. Од друга страна сметам дека Основниот суд Штип можеби во

ова апелационо подрачје е еден од најцитираните во делот на судиите, за стручната служба не можам да кажам и сметам дека има солиден број на судии спрема бројот на предметите што се за работа. Искрено му посакувам многу успешна работа и на претседтаелот а и на колегите со задоволство што ќе ја извршуваат функцијата судии.
**М-р Ивица Николовски член на Советот,** наведе дека и јас гласав,,За'' за овој кандидат да биде претседател на Основен суд Штип, надевајќи се дека со дадената доверба навистина ќе очекуваме позитивни резултати на сите потребни прашања. Овој кандидат е со најдолг судиски стаж од 27 години, но во вршење на судиската должност истиот има доволно бодови што значи дека се работи за квалитетн и искусен судија. Првпат имав прилика со него да разговарам на закажаното интервју и ја прочитав неговата програма со внимание, имав прилика и непосредно да го испровоцирам со прашање што е мотивот или што Вие би подобриле во моменталната состојба во судот? И од тоа видов дека е амбициозен човек, со јасна визија, со јасно поставени прашања на кои треба да се даде внимание и очекувам дека навистина со своето искуство успешно ќе менаџира.

**Мирсад Суроји член на Советот**, наведе исто така и јас се одлучив да гласам за истиот кандидат иако сакам претходно една голема благодарност и за претходниот претседател Ѓорѓи Андонов кој успеа во овие години успешно да се справува со судот и да ја обавува неговата функција како претседател на овој суд а на новиот избран претседател за кој исто така верувам дека ќе раководи добро со судот бидејќи е искусен судија, му посакувам здравје и многу успех.

**Весна Дамева член на Советот,** истакна дека гласа За, за овој судија врз основа на своите квалитативни и квантитативните резултати. Искуството е нешто што навистина е значајно за нас а тоа искуство кое повеќе од 27 години е доволен факт да констатираме дека овој судија успешно ќе ја извршува функцијата и претседател на суд, бидејќи барем до мене нема стигнато информација и нема докази дека до денот на неговата целокупна судиска кариера истиот несовесно нестручно и професионално ја вршел својата функција. Интервјуто е она што го потврдува неговиот став е дека овој кандидат е совесен судија и дава впечаток за важна личност и тоа е кај мене што преовладува а програмата и се што е предвидено во неа и исполнето, се надевам дека овој судија како претседател на суд ќе има добри резултати во менаџирањето на судот.

**М-р Миљазим Мустафа член на Советот,** истакна дека гласав ,,За'' бидејќи е искусен и долгогодишен судија со доволоно искуство и добри

резултати да не се повторувам со истото што го кажаа колегите пред мене и сметам дека добро ќе раководи со судот.

**М-р Селим Адеми член на Советот,** наведе дека гласав ,,За" се согласувам со тоа сите колеги што го кажаа му посакувам среќа и мислам дека добро ќе се справи со судот.

**Павлина Црвенковска член на Советот,** наведе дека гласав ,,За" со оглед на тоа дека станува збор за искусен судија со 27 години судиски стаж, позитивно е оценет и се надевам дека успешно ќе менаџира како претседател на Основен суд Штип.

**М-р Тања Чачарова Илиевска член на Советот,** наведе дека со долгогодишното искуство на кандидатот сега избран веќе претседател на Основен суд Штип и тоа токму во овој суд доволно кажува дека истиот ги познава приликите и состојбите во судот. Она што е добиено од сите досегашни спроведени оценувања, интервјуа од тестирањата дава исто така податок дека судијата ги исполнува сите услови за успешно да ја извршува функцијата претседател на Основен суд Штип.

**Ханиф Зендели Заменик претседател и член на Советот**, наведе дека според Извештајот на Комисијата е единствен кандидат, со долгогодишно искуство, сметам дека сега на крај ќе го покаже себеси со менаџирање на овој суд. Му посакувам многу успех и здравје.

Со оглед на тоа дека веќе е исцрпена оваа точка **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** предлага да се премине на наредната точка од дневниот ред.

**Точка 2**

**Донесување на одлуки за определување на ВД претседатели на Виш Управен суд, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Кичево и Основен суд Неготино**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на **м-р Миљазим Мустафа** член на Советот кој е кординатор за Виш Управен суд.

**М-р Миљазим Мустафа** истакна дека има објавено оглас за ВД претседател на Виш Управен суд во кој за жал нема пријавено кандидати, но бидејќи му истекува мандатет на сегашниот претседател мора да се определи нов вршител на должноста и како кординатор на

судот предлага ВД претседател на Виш Управен суд да биде највозрасниот судија, во овој случај тоа е судијата **Анита Данилова**.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија, откако никој не се јави за збор го стави на гласање предлогот за определување на ВД претседател за Виш Управен суд за Анита Данилова, и со 12 гласа ,,За'' и ниту еден ,,Против'', **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Виш управен суд се определува Анита Данилова судија на Виш управен суд и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот. Решението влегува во сила од 09.11.2023 година.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на **м-р Ивица Николовски** член на Советот кој е кординатор на Основен граѓански суд Скопје, кој истакна дека како вршител на должноста предлага да биде веќе избраниот претседател **Бесник Авдија** кој ќе стапи на функција откако ќе се исполнат условите, а за Основен суд Неготино, како вршител на должноста предлага да биде **Билјана Толова**.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот за Основен граѓански суд Скопје судијата **Бесник Авдија** да биде вршител на должност и со 12 гласа ,,За'' и ниту еден ,,Против'' **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Основен граѓански суд Скопје се определува **Бесник Авдија,** судија на Основен граѓански суд Скопје и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот. Решението влегува во сила од 09.11.2023 година.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** и даде збор на **Павлина Црвенковска** член на Советот која е кординатор на Основен суд Кичево и предлага за ВД претседател на Основен суд Кичево суд да биде судијата Флутурије Дервиши.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот за Основен суд Кичево судијата Флутурије Дервиши да биде

вршител на должност и со 12 гласа ,,За" и ниту еден ,,Против" констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Основен суд Кичево се определува **Флутурије Дервиши** судија на Основен суд Кичево и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот. Решението влегува во сила од 09.11.2023 година.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот за Основен суд Неготино да биде судијата **Билјана Толова** за вршител на должности со 12 гласа За, и ниту еден Против **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** Констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Основен суд Неготино се определува **Билјана Толова,** судија на Основен суд Неготино и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот. Решението влегува во сила од 09.11.2023 година.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека од страна на секретарката Александра Шоптрајанова има доставено писмено известување од кабинетот на претседателот на Врховен суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, каде што стои: Ве известувам дека претседателот на Врховен суд на Република Северна Македонија поради неодложни обврски работа во врска со официјално предавање Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија од Европската Унија и Амбасада нема да биде во можност да присуствува во денешната седница, кое е пратено од 09.30 часот но сега е пристигнато и доставено како писмен податок.

**Точка 3**

**Донесување на одлука за утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет се утврди дека судијата Тони Јовановски од Основен суд Битола на 30.10.2023 година наполнил

64 годинаи, а судијата Марјан Грубиша од Основен кривичен суд Скопје на 03.11.2023 година наполнил 64 години, така што исполнети се условите за престанок на судиската функција на судиите заради исполнување на услови за старосна пензија. Констатира дека се донесени следните решенија:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Тони Јовановски, судија на Основен суд Битола** на 08.11.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Марјан Грубиша, судија на Основен кривичен суд Скопје** на 08.11.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 4**

**Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, основен суд Делчевго, Основен суд Крушево,Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга**

Претседателот на Советот истакна дека со оглед да на претседателите на Основен суд Кавадраци, Основен суд Струга им истекува мандатот на 30.12.2023 година, согласно законот потребно е да се објави оглас за избор на претседатели на овие судови.Воедно треба да се објави оглас и за избор на претседатели на Виш Управен суд Скопје, Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Основен суд Делчево.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија, откако никој не се јави за збор го стави на гласање предлогот за објавување на Оглас. Предлогот го става на гласање со 12 гласа ,За'', констатира дека е донесена

О Д Л УК А

Да се објави Оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, основен суд Делчевго, Основен суд Крушево,Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга;

Воедно по пат на ждрепка се  Формира Комисија и донесена е следната

ОДЛУКА

Се формира Комисија по пат на ждрепка за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на Претседатели на судови во состав од:
**м-р Миљазим Мустафа – претседател на Комисија;**
**Лорета Горгиева – член на Комисија и**
**м-р Ивица Николовски – член на Комисија;**

**Точка 5**
**Одлучување по барања за патни трошоци**

**Претседателот на Советот** наведе дека од страна на судиите Андреа Апостолска Малиновска, Ахмед Идризи, Лиљана  Миланова  и Пајтим Машкули се доставени барања за надомест за патни трошоци бидејќи тројца од нив се времено упатени од еден суд во друг. Кон барањата имаат доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од решение за времено упатување, одлука за избор, изјава заверена кај нотар дека судијата или член на неговото потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на судовите во кои се упатени и потврда за цената на возниот билет на релации во двата правци.Исполнети се условите за донесување на решенија за надомест на патни трошоци на судиите.Отвори дискусија  и откако консттаира дека никој од членовите не се јави за збор, го стави на гласање предлогот и констатира дека со 12 гласа ,,За'', се донесени следните решенија:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето на **Андреа Апостолска Малиновска судија на Основен граѓански суд Скопје** за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.
На **Андреа Апотолска Малиновска, судија на Основен граѓански суд Скопје** и се УТВРДУВА
- право на надомест на трошоци за превоз како судија кој што живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Кичево, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Кичево и обратно.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Ахмед Идризи, судија на Основен кривичен суд Скопје** за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На **Ахмед Идризи, судија на Основен кривичен суд Скопје** му се УТВРДУВА
- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Кичево, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Кичево и обратно.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Лиљана Миланова, судија на Основен кривичен суд Скопје** за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На **Лиљана Миланова, судија на Основен кривичен суд Скопје** и се УТВРДУВА
- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен кривичен суд Скопје, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Велес-Скопје и обратно.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Пајтим Машкули, судија на Основен граѓански суд Скопје** за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На **Пајтим Машкули, судија на Основен граѓански суд Скопје** му се СЕ УТВРДУВА
- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Струга, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено

пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Струга и обратно.

Со оглед на тоа дека е исцрпена оваа точка **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** консттаира дека се преминува на наредната точка од Дневниот ред.

**Точка 6**
**Разгледување на Одлуки на Управен суд;**

**Претседателот на Советот** истакна дека согласно чл.2 ст.1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи (Сл.весник на РСМ бр.151/21 и чл.54 од Законот за Судскиот совет на РСМ од страна на Судскиот совет на РСМ се донесени решенија со кои се ставаат вон сила решенијата на Судскиот совет  со кои им е продолжен мандатот на судиите и тоа сметано од 01.07.2022 година и на судиите заклучно со 30.06.2022 година им престанува судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.Управниот суд, одлучувајќи по тужбите  донесе пресуди со кои тужбите на тужителите се усвоени, а решенијата на Судскиот совет на РСМ со кои се ставени вон сила решенијата со кои им е продолжен мандатот на судиите и со кои на судиите им е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, се поништуваат. Управниот суд смета дека е поврден законот на штета на тужителите, дека се сторени повреди на правилата на постапката предвидени во глава XIV од Законот за општа управна постапка , без да се наведат причините и правниот основ за ставање вон сила на управниот акт и поништување на правните последици кои ги предизвикал управниот акт, како и дека погрешно е применето материјалното право. Дадени се напатствија при повторното постапување и одлучување на Судскиот совет. Наведе дека треба да се има предвид и одлуката донесена од страна на Уставниот суд У бр.89/21, 90/21 и 114/21 а која се однесува за оценување на уставноста на чл.2 ст.2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи. Инаку, оспорениот член од Законот за работни односи се применува од денот на неговото влегување во сила и истиот нема повратно, односно ретроактивно дејство, така што не е повреден чл.52 ст.4 од Уставот на Република Северна Македонија.Судскиот совет останува на истиот став по однос на донесените одлуки и за сите пензионирани судии остануваат истите одлуки.

**Претседателот на Советот** отвори дискусија.

За збор се јави **м-р Антоанета Димовстка** член на Советот која истакна дека Управниот суд со својата одлука не упатува на тоа дека се работи за стекнато право на судијата, неговиот работен однос е продолжен за една година и не може Судскиот совет со друго решение да го скрати тој период за кој било продолжено. Се работи до 04.09.2023 година, ставот на мнозинството на сите претходни одлуки беше јасен и мнозинството останува на истата одлука и јас останувам во својот став дека тоа е стекнато право и дека одлуката на Уставниот суд токму на тоа упатува, дека не се задира во стекнатите права согласно Законот за работни односи, кој важи во моментот кога било донесено решение со кое му било продолжен работниот однос и дека секакво поинакво толкување на законот значи повреда на правото.

**Членот на Советот Мери Радевска** се јави за збор и истакна дека останува на својот став со напомена дека кога сега се спомнува и одлуката на Уставниот суд која всушност се однесува за поинаков случај од случаите што се опфатени со решенијата за продолжување на мандатот на колегите. Тоа се однесува за во иднина на веќе донесено претходно решение од страна на Државните органи за продолжување на мандатот.

За збор се јави и **членот на Советот м-р Ивица Николовски** кој се произнесе за ова прашање и истакна дека останува на истиот став и смета дека Судскиот совет треба да донесе решение со кое на судијата Драган Николовски, судија на Основен кривичен суд Скопје заклучно со стекнатото право по истекот на периодот да се констатира прстанок на судиска функција. Предлага Судскиот совет да утврди исполнување на услови за старосна пензија по истекот на 04.09.2023 година.

За збор се јави **Весна Дамева член на Советот** наведе дека останува на нејзиниот став и дека преку нејзиното гласање на една од минатите седници каде што имаше идентични барања и идентично прашање пред Судскиот совет да го знае јавноста бидејќи записниците се објавуваат јавно, така да во интерес на времето нема да даде детали за елаборација бидејќи тоа веќе претходно е сторено.

За збор се јави **м-р.Селим Адеми**и истакна дека Судскиот совет во врска со ова прашање има расправано, значи има донесено одлука и мисли дека сега било која одлука која се донесува не би била различна со веќе донесената одлука.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** наведе дека се согласува во тој дел и предлогот го стави на гласање за да биде продолжена судиска функција на Драган Николовски до 04.09 2023 година и со 5 гласа ,,За'' и 7 гласа ,,Против'' констатира дека не е усвоен предлогот, туку останува во сила заклучно со 30.06.2022 година.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека се донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Решението на Судскиот совет на РСМ бр.02-9/2 од 15.06.2021 година се огласува за ништовно.

На **Драган Николовски, судија на Основен кривичен суд Скопје** му престанува судиската функција на 01.07.2022 година поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот за престанок на судиската функција на 01.07.2022 година на судијата **Миле Димовски судија на Основен суд Битола.**
**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека со 7 гласа ,,За'' и 5 гласа ,,Против'' дека е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Решението на Судскиот совет на РСМ бр.02-751/2 од 15.06.2021 година се огласува за ништовно.

На Миле Димовски, судија на Основен суд Битола му престанува судиската функција на 01.07.2022 година поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 7**

**Донесување на одлуки за времено упатување на судии за вршење на судиска функција од еден во друг суд**

**Претседателот на Советот** наведе дека од страна на Судскиот совет на РСМ извршен е избор на 6 судии и тоа 3 судии во Основниот граѓански суд Скопје и 3 судии во Основниот кривичен суд Скопје, по што од страна на работната група при Судскиот совет направени се анализи за потребата од времено упатување на судиите во други

судови, а согласно чл.39 ст.9 и 10 од Законот за судовите беа донесени решенија за времено упатување на судии во други судови каде има нужна и неопходна потреба. Отвори дискусија.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовстка** истакна дека ова е втор пат за времено упатување на судии и повторно во интерес на јавноста посочи дека сите кандидати генерации од кога се избираа судии во Основниот граѓански суд Скопје и во Основниот кривичен суд Скопје, за жал судовите од внатрешноста имаа потреба од судии и мора тие места да се пополнат. Тоа беше одлука на Судскиот совет каде треба да се упатат судии и избраните судии да ја вршат должноста како судии во други судови за една година. Во првата група тргнавме од бројот на бодовите кои што ги освоиле и тие што имат најмал број на бодови заземавме став да бидат времено упатени како единствен критериум кој што ги опфаќа сите колеги без да навлегуваме во нивните семејни работи. Кога овие колеги за кои денеска ќе расправаме кои беа повикани за да дадат свечена изјава, дел од нив веднаш кажаа дека нема да имаат ништо против да бидат упатени, се јави Драгана Илиовска која кажа дека е од тој крај, после тоа се јави Ирена Митреска и таа кажа дека е од тој крај и писмено тоа го поткрепи, морам да напоменам за судијата Сања Томиќ Велкоски која ми потврди дека е бремена во шести месец и ние како комисија утврдивме дека нема никаква логика колешката да биде времено упатена во друг суд, што значи дека остануваат другите пет колеги за времено упатување.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ја напушти седницата и со неа продолжи да раководи Заменик претседателот Ханиф Зендели.

Заменик претседателот **Ханиф Зендели** констатира дека во моментот не е присутен за гласање членот на Советот **Мирсад Суроји.**

**Ханиф Зендели** Заменик претседателот на Судскиот совет го стави на гласање предлогот на Комисијата за донесување на решенија за времено упатување на погоре наведените судии и констатира дека со 11 гласа ,,За'', е усвоен предлогот и се донесени следните решенија:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Драгана Илиовска,** судија на Основен граѓански суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Кочани, сметано од 09.11.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За упатувањето да се извести претседателот на Основен граѓански суд Скопје и претседтаелот на Основниот суд Кочани

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Ирена Митреска,** судија на Основен граѓански суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Кичево, сметано од 09.11.2023 година,  за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.
За упатувањето да се извести претседателот на Основен граѓански суд Скопје и претседтаелот на Основниот суд Кичево.

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Влатко Сековски,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп сметано од 09.11.2023 година,  за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.
За упатувањето да се извести претседателот на Основен кривичен и суд  Скопје и претседтаелот на Основниот суд Прилеп.

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Лиљана Миланова,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Свети Николе, сметано од 09.11.2023 година,  за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.
За упатувањето да се извести претседателот на Основен кривичен и суд  Скопје и претседтаелот на Основниот суд Свети Николе.

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Надица Митреска,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Струга, сметано од 09.11.2023 година,  за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.
За упатувањето да се извести претседателот на Основен кривичен и суд  Скопје и претседтаелот на Основниот суд Струга.

**Ханиф Зендели** Заменик претседателот на Судскиот совет констатира дека е исцрпена точката  и се преминува на наредната точка.

## Точка 8

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на РСМ и тоа:**
**УПП бр. 118/23, 271/23; -**
**УПП бр. 133/23, 175/23, 190/23, 220/23**
**УПП бр. 224/23, 231/23, 249/23, 268/23, 310/23;**
**УПП.бр. 166/23, 203/23, 212/23, 222/23, 284/23, 297/23, 308/23, 317/23**

Заменик претседателот **Ханиф Зендели** и даде збор на **Лорета Горгиева** Член на Советот која реферира за **Претставка бр.УПП 08-118/23** од 16.03.2023 година и дополнување од 19.05.2023 година

Претставката е поднесена од Стојан Димовски од Скопје кој изразува незадоволство од Одлуката по постапување на Управниот суд Скопје по предметот У-2 бр. 501/22, понатаму Одлуката У-2 бр. 45/23 во врска со издавање времена мерка како и понатаму барањето на судиите на Вишиот управен суд, кои постапувале по жалба на одлуките по овие предмети.Прибавена е Изјава од страна на судиите на Вишиот управен суд од истите и од останатите списи и извиди се констатира следното: дека лицето подносител на Претставката има поднесено тужба до Управниот суд и со Решение У-2 бр.45/23 од 09.02.2023, Управниот суд по барањето за издавање на времена мерка со кое бара да се забрани решение за градба и дозвола-решение за урбанистичка согласност за градење за Карпош е одбиено како неоснована.Против наведеното решение подносителот доставил жалба по која Вишиот управен суд донел Решение УЖВМ-1 бр. 6/2023 од 11.04.2023 година со која жалбата е одбиена како неоснована.Подносителот на Претставката заедно поднел барање за повторување на постапката завршена со Решение на овој суд УЖВМ-1 бр. 6/2023 и предлогот за повторување на постапката.

Од страна на судиите на Вишиот управен суд, кои постапувале по конкретниоте предмети видно е дека истите изјавуваат дека Решението го донеле согласно член 28 став 1 и 2 и член 29 став 1 и став 5 од Законот за управните спорови, бидејќи овој суд проценил дека Управниот суд дал доволно образложени причини врз основа на кои го донел своето Решение и со истото се согласува со таквата мериторна Одлука и дека барањето за времена мерка Управниот суд го одбил како неосновано.Вишиот управен суд ценејќи како законита и праведна истата Одлука ја потврдил.Во делот на наводите на подносителот дека не е постапувано во рамките на законот, според изјавата на судиите а видно и од списите е дека предвидениот рок од 15 дена е запазен бидејќи одлуката по жалба е донесена на ден 04.04.2023 година, а

одлуката по жалба против Решението на Управен суд е донесена на 11.04.2023 година .
Според изјавите на судиите на Вишиот управен суд предметот по Решение УЖВМ 6/2023 од 08.08.2023 година со кое предлогот на подносителот за повторување на постапката завршена е со решение на овој суд од 11.04.2023 година е донесено согласно член 82,83 став 1 како и член 91 став 3 од Законот за управните спорови.

**Лорета Горгиева** Член на Советот, предлага претставката **УПП 08-118/23** да биде неоснована.

Заменик претседателот и член на Советот **Ханиф Зендели,** отвори дискусија по однос на претставката.

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски** и наведе дека: од материјалите гледам дека се работи за издавање на времена мерка, а јас цело време слушам за повторување на постапка или пак можеби е некое недоразбирање.

**Лорета Горгиева** -член на Советот истакна дека се работи за издавање на времена мерка.Во Решението У-2 бр. 45/23 хронолошки го наведов, значи Одлуката на Управен суд со Решение У-2 бр.45/23 од 09.02.2023 година се однесува на барање за донесување на времена мерка кое мериторно е одбиено, а потвредена од страна на Вишиот управен суд.

За збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска** и наведе дека нема одговор во предлогот за времена мерка и не ги имаат тие списи за да бидат во тек со произнесеното.

**Лорета Горгиева** -член на Советот истакна дека има изјава од самата странка која од 05.05.2023 година од страна на Вишиот управен суд примено е Решение УЖВМ бр. 6/23 од 11.04.2023 година, со кое решението на Управниот суд У-2 бр. 45/23 од 09.02.2023 година се потврдува, и тоа е Решението за времена мерка. Решението за времена мерка У-2 бр. 45/23 од кои причини не му е уважено барањето за времена мерка, се повикуваат на одредбите на Законот за управна постапка според кои значи времена мерка член 29 став 1. Судот може да издаде времена мерка на барање на странката доколку е потребно да се избегне сериозна и неостранлива штета. Во конкретниот случај со оглед на мериторното Одлука на Управниот суд не утврдил дека се работи за отстранување или спречување на сериозна и неотсртанлива штета од кои причини мериторно го одбил барањето на странката.

Ваквата одлука на Управен суд бил предмет на оценка по жалбана постапка пред Вишиот управен суд и Вишиот управен суд односно конкретно судиите кои постапувале по предметот даваат свое образложение дека се согласуваат со одлуката. Инаку само да кажам дека предметот е од друг судија и е даден во седми месец на работа.

**Претставка бр.УПП 08-271/1 од 28.07.2023 година**

Претставката поднесена од лицето З.В од Битола преку Адвокат Б.Ч. каде се изразува незадоволство од постапување на судија Основен суд Ресен по предметот П4-10/23 кој постапувајќи по тужбата донел Пресуда П4-21/22 од 14.12.2022 година, со која делумно го усвоил тужбеното барање на тужителите. Подносителот наведува дека Апелациониот суд Битола, постапувајќи по жалба, донел Решение Гж.бр. 235/23 од 19.04.2023 година, ја укинал пресудата во усвоениот дел и предметот го вратил на повторно одлучување на првостепениот суд. Подносителот истакнува исто така во претставката дека во повторената постапка, Основниот суд Ресен донел пресуда П-10/23 од 21.06.2022 година, со која на иста фактичка состојба, тужбеното барање го одбил како неосновано, а на крај во претставката бара Советот да ја утврди фактичката состојба и согласно своите законски овластувања да поведе дисциплинска постапка спрема судијата на Основниот суд Ресен.

Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот и изјавата на судијата што постапувал по предметот произлегува дека по поднесена тужба од подносителите на претставката, во Основниот суд Ресен бил заведен предмет П4-21/22, по кој судот донел пресуда П4-21/22 од 14.12.2022 година која Апелациониот суд Битола по изјавена жалба од тужителите, со Решение Гж.бр. 235/23 од 19.04.2023 година во ставовите 1,2,4,5 и 6 ја укинал и предметот на 05.05.2023 година го вратил на првостепениот суд на повторно судење.При повтореното постапување, предметот добил нов број П4-10/23 а судијата после повторно изведување на доказите и согласно напатствијата на второстепениот суд дадени во второстепаната одлука, донел Пресуда П4-10/23 од 06.07.2023 година, со која го одбил тужбеното барање на тужителите како неосновано.Против првостепената пресуда на 25.07.2023 година била поднесена жалба од страна на тужителите, сега подносители на претставката, а постапката од страна на судијата била водена ажурно, без непотребни одлагања и оддолговлекување на истата. Според изјавата на судијата, биле изведени сите докази, а полномошниците на странките во врска со тоа немале никакви забелешки во текот на постапката .

Видно од увидот во апликацијата - Контрола на судови на Судскиот совет на РСМ за тоа дали е вложена жалба , утврдено е дека жалба е вложена на 25.07.2023 година, но до денот на одржување на седницата, второстепениот суд нема донесено одлука.
Според тоа, имајќи предвид дека содржината на претставката по однос на изразеното незадоволство од донесената одлука на судот, истовремено претставува жалбени наводи, истите ќе бидат предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на второстепениот суд, кој суд е надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука и да ја цени основаноста на жалбените наводи, па врз основа на констатациите да ја потврди, измени или укине првостепената одлука, се со цел за пресудување во согласност со законот. Изнесеното, имајќи предвид да во смисла на член 13 точка 3 од Законот за судовите (Сл. весник на Република Македонија бр.58 од 11 мај 2006 година), - "Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон".
Со оглед на наведеното, Советот нема ингеренции да интервенира во судските одлуки ниту пак да ги менува истите, па во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување.

**Лорета Горгиева** Член на Советот,предлага претставката **УПП 08-271/23** да биде неоснована.

**Ханиф Зендели** Заменик претседателот на Судскиот совет констатира дека во моментот не е присутен за гласање во салата колегата **м-р Миљазим Мустафа и** воедно ги стави на гласање предлозите на **Лорета Горгиева**.
**Ханиф Зендели** Заменик претседателот Констатира дека со 10 гласа ,,За'', е донесена

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-118/23 е неоснована, претставката УПП-08-271/23 е неоснована.

Заменик претседателот **Ханиф Зендели** му даде збор на **Мирсад Суроји** Член на Советот кој истакна: **Претставка УПП бр.08-133/23** подносител на претставката е адвокат од Скопје против одлука на Основен граѓански суд Скопје за ништовност на Договорот.
Наведува дека судијата и покрај противењето на подносителката дека во оваа фаза не може да се изведе доказ со вештачење, донел решение со кое го прифатила предлогот и со посебно решение го задолжила полномошникот на тужителот во рок од три дена да достави

барање во кое ќе бидат наведени околностите на кои ќе се темели вештачењето. Со ваквото постапување подносителката смета дека судијата сторила суштествена повреда на одредбите од член 343 став 2 точка 13 од ЗПП. Со ваквото дејство судијата му овозможила услуга на тужителот на петата расправа да достави вештачење, што не било законски дозволено. Според подносителката не биле исполнети условите од член 235 од ЗПП за да судијата дозволи вештачење. Друга повреда на судијата било тоа што на 02.11.2022 година се обратила со барање за увид во уписник до Вонпарничниот оддел каде се заверувале договорите за купопродажба во 1992 година, судијата со допис враќање на уписници наведува дека биле доставени на увид 4 уписници за заверка на потписи и документи, а во прилог на писмото враќа 3 уписници, бидејќи за еден уписник и тоа излезна книга од 1991 до 1995 година за увид на лице место, одлучува да остане како составен дел од предметот П4.бр.856/2021. На 21.12.2022 година до вештото лице биле доставени заедно со списите по предметот П4.бр.856/2021 оригинален уписник – Излезна книга од 1991 до 1995 година, оригинален предмет Зав.бр.112/92 и оригинален договор за купопродажба со што судијата овозможила наведените документи да бида изнесени надвор од просториите на судот. Според подносителката ваквото постапување на судијата е спротивно на одредбата од член 21 од Уредбата за канцелариско работење односно документите биле оствени без надзор од службено лице и спротивно на одредбата од член 26 став 13 од Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцелариското и архивско работење и спротивно на член 93 од Судскиот деловник.

Во одговор судијата навел: Во текот на увидот на клучниот доказ – книга за заверки на договори судот во присуство на полномошниците на странките констатира дека под реден број 112 стои датум од 27.11.1992 година со заведени други лица, а не ТП "Центро" АД ЦО Скопје.. Во книгата на заверки не постои датум од 11.08.1992 година како што стои на договорот за купопродажба кој е како доказ во списите на предметот. На расправен записник од 14.12.2022 година полномошникот на тужителот предложил да се изведе како доказ графолошко вештачење односно да се утврди веродстојноста на сите печати и штембили кои биле ставени на двата договора кои постојат во оригинал. Судот го прифатил предлогот за изготвување на графолошко вештачење и одлучи оригиналот од договорот за купопродажба да биде здружен кон списите во предметот. Графолошкото вештачење било изготвено и заедно со списите било вратено во судот на 07.03.2023 година. Фактите што судот и полномошникот на тужителот ги увидоа за прв пат биле констатирани на записник од 14.12.2022 година кои биле клучни и суштествени за судот да го прифати предлогот за графолошко

вештачење. Книгата за заверки за 1992 година, оригинал од договорот и оргиналот од предметот Зав.бр.112/92 во кој постои оригинален договор судот има право да ги задржи кон списите во предметот. По однос на наводите во претставката за чувањето на оргиналите од материјалните и писмените докази врз основа на кои вештото лице го темели своето вештачење предметот не е ниту оштетен, ниту уништен, ниту преправан, ниту пак се исчезнати доказите односно предметот со сите списи се наоѓа кај судијата. Не е јасно врз основа на што подносителката дава констатации дека постои пристрасност на судијата во постапувањето, а барањето за изземање на судијата било одбиено од Претседателот на судот. Понатаму, примената на член 6 точка 1 од ЕКЧП е апсолутно запазена и нема пропусти кај тужителот кога бил даден предлог за графолошко вештачење бидејќи се до 14.12.2022 година полномошникот на тужителот немал точни сознанија дека постои договор за купопродажба Зав.Он.бр.112/92 од 11.08.1992 година.
Од увидот во претставката, прилозите на истата и одговорот на судијата, се утврди дека наводите во претставката претставуваат жалбени наводи, кои второстепениот суд ќе ги има во предвид при одлучувањето, односно донесена е пресуда на 22.06.2023 година, а објавена на ден 15.11.2023 година видно од апликацијата„ Контрола на судови“ се утврди дека жалба е поднесена на ден 01.12.2023 година

**Мирсад Суроји** Член на Советот предлага претставката **УПП бр.08-133/23** да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот и член на Советот **Ханиф Зендели,** отвори дискусија по однос на претставката **УПП бр.08-133/23.**

За збор се јави членот на советот **м-р Антоанета Димовстка** која наведе дека во претставката се бара утврдување на нестручност за извршување на судиската функција и на крајот такво е барањето на полномошникот да се утврди, предлага Советот да ги прибави списите по што ќе поведе постапка за утврдување на одговорност на судијата. Мислам дека без оглед како е насловено содржината тоа е барање за утврдување на одговорност, сега дали има основ или не тоа е друга работа, меѓутоа суштината е барање за утврдуавање на одговорност.

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски** и наведе дека се согласува со колешката **м-р Антоанета Димовстка** дека сите елементи се за барање за утврдување на одговорност на судијата поради нестручно и несовесно водење на постапката.Во конкретниот случај подносителот укажува на постапување на судија и водење на

постапката спротивно на одредбите од Законот за парнична постапка, посебно во делот на доказна постапка и посочува дека судијата спротивно на закон на една од странките му дозволило да предложи изведување на докази спротивно на закон прифаќа изведување на доказ на вакво вештачење, а тоа е спротивно член 235 од Законот за парнична постапка.Судија мора да води постапка на законит начин, а не како што некој сака или најчесто странките.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** и наведе дека можеби најголемиот дел од претставките содржат истовремено и елементи кои упатуваат на нестручно, несовесно работење. Од тоа што слушнавме од колегата повеќе од јасно е дека станува збор за жалбени наводи.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** констатира дека Претседателот на Советот е присутен и ќе продолжи со раководење на седницата.

Известителот продолжи со излагање по **Претставка УПП бр.08-175 /1 од 26.04.2023 година.** Подносителите во претставката изразуваат незадоволство од постапувањето на судија од Основен граѓански суд Скопје, по предметот П1.бр.535/20 и од постапувањето по предметот К.бр.653/22 на Основниот кривичен суд Скопје.Спроведени се извиди во рамките на законските надлежности и прибавени се изјави и во конкретниот случај се утврди дека наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи кои биле предмет на оценка од страна на повисокиот суд со оглед дека против одлуките донесени во предметот П1.бр.535/20 биле изјавени жалби, поради што наводите се неосновани. Ова од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Од увидот во апликацијата „Контрола на судови, Советот утврди дека распределбата на предметот П1.бр.535/20 е иврршена автоматски преку АКМИС системот, поради што наводите за злоупотреба на АКМИС системот се неосновани. Останатите наводи за пристрасно водење на постапка и коруптивните елементи во водењето на постапката, смета дека се паушални и непоткрепени со докази, доколку повеќе што во

текот на постапката сте ја искористиле законската можност и сте поднеле барање за изземање на судијата, кое претседателот на судот го одбил како неосновано, но доколку подносителот смета дека судијата ја злоупотребил службената положба со доказите со кои располагате можете да иницирате постапка пред надлежното обвинителство. Постапката по кривичниот предмет е во тек, така да подносителот може да презема одредени процесни дејствија согласно законот, а доколку е незадоволен од исходот во постапката по предметот К.бр.653/22 може да користи редовни правни лекови.

**Мирсад Сурoји** Член на Советот предлага претставката **УПП бр.08-175/23** да биде неоснована.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија, откако никој не се јави за збор, **Мирсад Сурoји** Член на Советот продолжи со наредната претставка.

**Претставка УПП бр. 08-190/1 од 08.05.2023 година.** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Тетово, по предмети МалвП.бр.143/2021 и К.бр.183/21. Во врска со предметот Малв П.бр.143/2021 на Основен суд Тетово, каде со пресуда е задолжен да плати на име регресен долг спрема тужителот износ од 100.000,00 денари со камата и трошоци од 9.200,00 денари, наведува дека од страна на судијата се направени низа процесни повреди на постапката без при тоа да му биде овозможено вештачење во врска со сообраќајна незгода од 2020 година и смета дека е направена суштествена повреда на постапката, а судијата постапката ја водел нестручно и непрофесионално. По однос на предметот К.бр.183/21 на истиот суд, наведува дека била донесена пресуда за издавање на казнен налог тенденциозно и незаконито со пресуда со која бил огласен за виновен за кривично дело загрозување на безбедноста на сообраќајот со изречена казна од 200 евра или 40 дневни глоби, паушал од 1.500,00 денари и трошоци за вешто лице во износ од 3.500,00 денари. Наведува дека судијата постапката ја водел пристрасно, тенденциозно и без никакви докази, Не му било овозможено на денот на одржување на рочиштето од 01.03.2021 година да присуствува неговиот сведок и смета дека судијата донел неправилна и тендециозна пресуда за прекршок кој не го сторил.Спроведени се извиди во рамките на законските надлежности и прибавени се изјави од судиите. Судијата во врска со предметот МалвП.бр.143/2021 наведува дека на ден 18.10.2021 година од страна на тужителот Национално биро за осигурување била поднесена тужба за регресно побарување, со вредност 100.000,00 денари. Постапувајќи

по тужбата на ден 19.10.2021 година од судијата била издадена наредба за достава на тужба со прилози на одговор до тужениот со напомена дека во рок од 8 дена е потребно да даде одговор на тужба, а тужбата со доказите сте ја примиле на 21.10.2021 година. Во рокот определен од судот не сте поднеле писмен одговор на тужба. Поради тоа согласно член 319 од ЗПП била донесена пресуда на 05.11.2021 година поради неподнесување одговор на тужба односно било усвоено тужбеното барање на тужителот. Потоа на 17.11.2021 година била поднесена жалба по сите основи. Второстепениот суд со пресуда ГЖ.бр.51/2022 од 21.04.2022 година истата ја одбил како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда. Второстепната пресуда е уредно доставена до подносителот на претставката на 16.05.2022 година. Судијата во врска со предмет К.бр.183/2021 наведува дека со пресуда од 01.03.2021 година подносителот на претставката бил огласен за виновен и му била изречена парична казна од 200 евра или 40 глоби од по 5 евра. Против истата доставил приговор на 11.03.2021 година, заради што судот ги повикал странките на главна расправа. На 27.04.2021 година на главната расправа го известил судот дека го повлекува приговорот, по што судот со решение на записник го сметал приговорот за повлечен. Пресудата на 27.04.2021 година станала правосилна, а извршна на 17.05.2021 година. Имајќи ги во предвид наведеното, се утврди дека по предметот Малв П.бр.143/2021 искористено е правото на правен лек и постапката е правосилно завршена, а по однос на предметот К.бр.183/2021 на записник од главна расправа од 27.04.2021 година бил повлечен приговорот од подносителот против пресудата од 01.03.2021 година и пресудата К.бр.183/2021 од 01.03.2021 година станала правосилна и извршна, поради што наводите во претставката се неосновани.

**Мирсад Суроји -** член на Советот предлага претставката **УПП бр.08-190/23** да биде неоснована.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија, откако никој не се јави за збор **Мирсад Сурођи** член на Советот продолжи со наредната Претставка.

**Претставка УПП бр. 08-220/1 од 14.06.2023 година.** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на Апелациониот суд Скопје бидејќи не одлучил по поднесената жалба изјавена против решението на Основен граѓански суд Скопје ВПП-602/21 од 15.07.2022 година. повеќе од 8 месеци а со тоа не можел да се стекне со докази врз основа на кои би покренал одредени прашања на Собранието на Реплек врзано со противправно стекнување на акции и се сомнева дека од страна

на Реплек се лобира  кај судиите. По  спроведените извиди во рамките на законските надлежности и од увидот во претставката, прилозите на истата и видно од апликацијата„ Контрола на судови“, се утврди дека првостепениот суд донел решение ВПП-602/21 со кој предлогот за увид и копирање на акти и други документи на друштвото го одбил како неосновано. Жалба е изјавена на ден 20.09.2022 година, а предметот е примен во Апелациониот суд Скопје на ден 21.11.2022 година. Во Апелациониот суд  Скопје не е одлучено од 21.11.2022 година односно 11 месеци. По однос на жалбата не е одлучено веќе една година. Од овие причини,  претставката **е основана** и предлагам да се проследи до координаторот за Апелацонен суд Скопје заради понатамошно следење на работата на судијата кој постапува по овој предмет.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија.

За збор се јави **Весна Дамева** член на Советот која истакна дека  во материјалите има само претставка без докази и во претставката нема број на претставка ниту име на судија, но нема да спори само бара во иднина да има матриали за да се снима на седница.

За збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска** и наведе дека се согласува претставката да биде **основана,** но сака да знае дали предметот примен по жалба останал цело време кај еден судија известител или имало промена на судии, тоа ни е битно да знаеме во однос на понатамошното оценување на работата на тие судии.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** и наведе дека бидејќи не се работи за анонимна претставка туку од лице со име и презиме и со целосна адреса навистина не стои  ниту број на предмет ниту име на судија, читајќи ја содржината бидејќи се работи за сериозни износи и за сериозен предмет, сметам дека можеби е најдобро да колегата да ја повлече претставката и писмено да се обрати до подносителот на претстставка заради прецизирање и дополнување на истата како би можело на наредна седница да се реферира со поконкретни податоци. Имаме адреса и име на подносител, но предлогот мој е  да се бара дополнување на претставката.Сметам дека треба да бидат образложени одлуките и заради тоа барам оваа претставка да биде повлечена.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека м-р **Миљазим Мустафа** член на Советот ја напушти салата и нема да се врати.

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски** и наведе дека не е доволно образложена оваа оретставка и предлага секој Член кој што има примено претставка да достави доволно материјали за да се има доволно факти за предлогот да биде како основана.

За збор се јави **м-р Антоанета Димовска член на Советот** за претставката **УПП бр.08-133/23,** која наведе дека имаме само претставка и дополнување на истата, се работи за две претставки против ист судија но за различни предвиди, значи за втората претставка се си има првостепена, второстепена пресуда се но за првата претставка јас не видов дека има донесено одлука и како да е во тек постапката, а мислам дека се спротивно со втората претставка.Барам да се доставaт одлуките од судијата.

**Мирсад Суроји** член на Советот предлага претставката **УПП бр.08-133/23** да биде повлечена.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот на членот на Советот **Мирсад Суроји** за претставките УПП бр. 08-175 /1 и УПП бр.190 да бидат како неосновани. **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека со 11 гласа ,,За'', е донесена

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-175/23 е неоснована, претставката УПП-08-190/23 е неоснована.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање претставката УПП бр.08-220 да биде како **основана.** Со 10 гласа ,,За'' и 1 глас ,,Против'' **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесена

**О Д Л У К А**

Претставката УПП-08-220/23 е основана

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека Претставката УПП-08-133/23 е повлечена.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** и даде збор на Членот на Советот **Павлина Црвенковска** која реферира во врска со **Претставката бр. УПП 08-224-23** од 19.06.2023 година

Во претставката се изразува незадоволство од судии на Основен суд Струмица и Апелационен суд Штип а подносителот наведува дека во Основен суд Струмица се води постапка заведена под број П4-73/19 и неговото незадоволство претежно се однесува на постапувањето на неговиот полномошник-адвокат, во смисла да му ветил дека ќе биде раскинат договорот, а всушност не е е така и дека адвокатот всушност имал други намери. Од тие причини поднел тужба против адвокатот како тужен, заведена под П4 бр. 62/21 а судиите го одбиле неговото барање.На крај без да наведе за кои судии се однесува неговото незадоволство, истакнува дека постојат сериозни индиции дека и судиите се вмешани во тоа. Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот и известувањето на судијата, произлегува дека подносителот на претставката поднел тужба ,а судот по спроведената постапка и изведените докази донел Пресуда П4 73/19 од 09.03.2020 , која била потврдена со пресуда ГЖ.бр. 301/20 од 27.04.2020 година. на Апелационен суд Штип.

На ден 22.10.2021 подносителот поднел тужба против адвокатот и предметот заведен под П4 бр.62/21 со АКМИС бил распореден на истата судија. По спроведената постапка , судот донел пресуда П4бр. 62/21 од 14.03.2022 која била потврдена со пресуда Гж.бр. 275/22 од 28.04.2023 година на Апелационен суд Штип. Во конкретниот случај се констатира дека наводите се однесуваат на донесени одлуки од суд, меѓутоа согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите,е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд што во конкретниот случај е направено, во постапка пропишана со закон, според кое Советот нема надлежност да преиспитува , менува или укинува судски одлуки. Со оглед на овие констатации, од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија не се најдени пропусти во постапувањето на судијата, ниту елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** предлага Претставката бр. УПП 08-224-23 да биде неоснована.

За збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска** и наведе дека во претставката не е наведено во кој дел подносителот е незадоволен од одлуката и треба да ја надополни.

За збор се јави Членот на советот **м-р Антоанета Димовстка и** наведе дека мисли дека подносителот е незадоволен од својот адвокат бидејќи се работи за две постапки, во првата пстапка изгубил, а во втората постапка е против адвокатот, ама многу паушални му се наводите.

**Претставка бр. УПП 08-231/23 од 22.06.2023 година и од 21.08.2023** година препратена преку Државна комисија за спречување на корупцијата Во претставката се изразува незадоволство од постапување на совет на Апелационен суд Битола по предметите Гж.бр. 746/22 и Гж.бр. 747/22 и предметите ППНИ 35/22 и ППНИ -36/22 на Основниот суд Битола. Наведува дека од страна на извршител е поведена извршна постапка по предметите И.бр.1142/2 против подносителот на претставката и неговата сопруга за спроведување на извршување на извршна исправа ОДУ бр. 67/2008 , како и предмет И.бр. 1143/21 само против него како должник по извршна исправа Нотарски акт ОДУ бр. 281/11 . Извршителот издал налог за извршување врз недвижност И.бр.1142/21 од дена 24.12.2021 и налог за извршување И.бр. 1143/21 од истиот ден за наплата на парични износи.Против ваквите налози од извршителот подносителот поднел приговор ППНИ-3/22 кој Основен суд Битола го одбил, против кое решение подносителот изјавил жалба до Основниот суд Битола .Потоа во претставката го наведува целиот тек на извршната постапка и потенцира дека Апелациониот суд Битола со донесените одлуки сериозно ја доведува во прашање нивната непристрасност и објективност, поради кое бара од Советот да преземе соодветни мерки од негова надлежност за сузбивање и санкционирање на ваквите несоодветни и незаконски постапки.Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот,произлегува дека предметот ГЖ.бр. 746/22 бил оформен по жалба изјавена од доверител против решение ППНИ-35/22 од 08.04.2022 година со кое бил усвоен приговорот на должниците, па налогот за извршување бил ставен вон сила.Како што наведува и подносителот се работи за долготрајна постапка за извршувње во која истиот се јавува како должник по извршна исправа-нотаски акт ОДУ бр. 281/11 за долг.Видно од електронското досие, предметот бил примен во Апелациониот суд Битола на 13.05.2022 година, земен во работа на 17.05.2022 година кога советот ја разгледал жалбата и ги испитувал жалбените наводи, но одлука не донел. Истото од причина што кон списите на предметот ППНИ-35/22 во Основен суд Битола не биле доставени списите на предметот И.бр. 1142/21 на извршителот, за кои после сериозна оцена на жалбените наводи и наводите во приговорот, советот заклучил дека постои потреба од непосреден увид – проучување на списите на извршителот.Од таа причина со писмо од 26.05.2023 година Апелациониот суд Битола

побарал достава на списите на предметот од извршителот. По приемот на списите од извршителот, советот на 2 пати заседавал , ја ценел содржината на списите И.бр. 1142/21, кои се обемни и на ден 28.06.2022 година одржал нејавна седница на која било донесено решение со кое жалбата на доверителот се уважува а решението на Основен суд Битола ППНИ-35/22 од 08.04.2022 година се преиначува при што приговорот се одбива како неоснован. Второстепениот суд утврдил дека нема незаконитости во налогот за извршување и утврдено било дека должниците застапувани од нивниот полномошник со приговорот не доставиле доказ дека правилно се наведени износите од извршната исправа, како и дека не е правилна и законита пресметката на законската камата од страна на извршителот. Идентичен е и текот на постапката по предметот Гж.бр. 747/22 оформен по жалба изјавена од доверител против решение ППНИ-36/22 од 08.04.2022 година со кое бил усвоен приговорот на должникот- подносител на претставката.И овој предмет бил разгледуван на ист начин како погоре наведениот предмет и донесено било решение ГЖ.бр. 747/22 од 28 .06.2022 година со кое се преиначува решението на Основен суд Битола ППНИ-36/22 од 08.04.2022 година, при што приговорот на должникот се одбива како неоснован.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор

Членот на Советот **Павлина Црвенковска по Претставка бр. УПП 08-249/23 од 11.07.2023 година** истакна дека подносителот на претставката наведува дека има поднесено тужба за намалување на тестаментални располагања, поради повреда на нужен дел по која тужба во Основниот граѓански суд Скопје е заведен предмет 36П1-608/22. Тужениот не го оспорил тужбеното барање ниту во одговорот на тужба ниту на одржаното рочиште, а судот не донел пресуда врз основа на признание и предложил да се спои главната расправа со подготвителното рочиште за да нема дополнителни трошоци.Судот и покрај тоа што немало ништо спорно, сепак закажал друго рочиште за 28.09.2023 со што се настанати дополнителни трошоци а постапката се оддолговлекува.Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот и известувањето на судијата, произлегува дека предметот П1-608/22 е сложен, а судијата постапката ја водела непристрасно и совесно, со правилна примена на законот. По однос на наводите истакнати во претставката,истите се неосновани , имено полномошникот на тужениот на рочиште кое 28.09.2023 година го отповикал даденото признание на тужбеното барање. Потоа судот на рочиштето за главна рсправа ги извел предложените докази , ја заклучил главната расправа и закажал рочиште за објава на ден

04.10.2023 година. По однос на наводот истакнат во претставката за тоа дека судот требало да го спои подготвителното рочиште со главната расправа, во конкретниот случај имајќи ја во предвид одредбата од чл. 278 ст. 3 од ЗПП, истото не е задолжително, туку е дадена само можност, а судот во случајот одлучил да се прибават на увид списите на предметот ВПП 78/22, па од тие причини на 06.07.2023 закажал главна расправа , на која тужениот го отповикал даденото признание. Воедно судот цени дали ќе донесе пресуда врз основа на признание или ќе продолжи со постапката преку изведување на доказите во смисла на чл. 205 ст 1 од Законот за парничната постапка, каде е наведено дека секоја странка е должна да изнесе факти и да предложи докази врз основа на кои го заснова своето барање или со кои ги побива наводите и доказите на противникот.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** предлага Претставката бр. УПП 08-249/23 да биде неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

**Претставка бр. УПП 08-268/23 од 27.07.2023 година** Подносителот во претставката наведува дека бил условно осуден со пресуда К.бр. 19/23 на ОС Гостивар и за него е нејасно како може да биде осуден за семејно насилство кога со неговиот брат не живее во иста семејна заедница, а ЈУМ ЦСР Гостивар во известување од 22.05.2023 наведува дека нема елементи на семејно насилство .Воедно наведува дека на самото рочиште во судот бил приморан да даде признание без да му биде објаснето што признава, а со наведеното тој претрпува штета.Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот,произлегува дека предметот К.бр. 19/23 на Основниот суд Гостивар се водел за кривично дело Телесна повреда од чл. 130 ст.2 в.в. ст.1 од КЗ,во која подносителот на претставката бил обвинет.На расправа одржана на 17.02.2023 биле присутни обвинетиот, бранителот на обвинетиот како и Јавниот обвинител .Обвинетиот покрај другото , на расправата бил повикан да се произнесе и во однос на вината , по што се произнел дека се чувствува за виновен за делото и децидно навел дека поради заканите што ги добил од неговиот брат со две пенкала од оштриот дел, го удрил неколку пати во градите и воедно потврдил дека е свесен во однос на тоа дека поради неговото признавањае на вина судот нема да изведува други докази кои се во прилог на обвинението заради утврдување фактичка состојба и дека истиот нема да биде испитан во текот на постапката, како и дека е свесен за правните последици од признавање на вина кои се поврзани со трошоците на кривичната постапка. Во текот на расправата се изјаснил дека врз него

не е вршен притисок да признае вина и дека признавањето го дава доброволно и свесно, а на расправата цело време бил присутен и неговиот бранител.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** предлага Претставката бр. УПП 08-268/23 да биде неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

**Претставка бр. УПП 08-310/23 од 27.09.2023 година**

Во претставката се наведува дека има заведено спор во Основен суд Штип, а моментално предметот се наоѓа по жалба во Апелациониот суд Штип.Преку полномошникот побарал приоритетно решавање на предметот со барање до претседателот на Апелациониот суд Штип, бидејќи предметот е од 2017 година, претседателот позитивно му одговорил дека предметот ќе биде решен до месец март 2023 година, но сеуште предметот не е решен, а наведува и дека сопругата на тужениот е обвинител во Вишо ЈО Штип.Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот,произлегува дека во Апелациониот суд Штип донесена е одлука по предметот ГЖ.бр 1027/19 на 18.03.2020 година , првостепената пресуда била потврдена, потоа била вложена ревизија која Врховниот суд на РСМ со решение РЕВ 2 бр. 278/2020 од 01.06.2021 ја уважил и пресудите на пониските судови биле укинати, а предметот бил вратен на повторно судење. При повторното судење, првостепениот суд донел одлука на 16.02.2022 година жалба изјавил тужениот и во Апелациониот суд Штип бил заведен предмет Гж.бр. 556/22 на 12.10.2022 Овој предмет е во работа кај судија кој е воедно и ВД претседател на Апелациониот суд Штип и во моментот истиот има над 1000 предмети од граѓанска област. Во конкретниот случај по однос на наводите истакнати во претставката за тоа дека постапката во Апелациониот суд Штип трае долго, Советот констатира дека претставката е основана, поради што Координаторот за следење на работата на Апелациониот суд Штип во рамки на следење на состојбата во судот ќе го имаат во предвид и конкретниот предмет, со цел да се утврдат причините поради кои постапката по предметот се оддолговлекувала.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** предлага Претставката бр. УПП 08-310/23 да биде основана.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот на Павлина Црвенковска за претставките УПП бр. 224/23,

231/23, 249/23, 268/23,да бидат како неосновани и констатира дека со 9 гласа ,,За''
се усвоени предлозите а по однос на претставката УПП бр. 310/23 констатира дека со 9 гласа ,,За,'' **е основана.**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на Членот на Советот **Ханиф Зендели** кој реферира во врска со **Претставка УПП.бр.08-166/1 од 19.04.2023 година -** До Судскиот совет на Република Северна Македонија доставена е преставката од лицето З.Г., адвокат од Штип во својство на полномошник на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „ФОКУСНЕТ" ДОО Штип. Во претставаката се изразува незадоволство од начинот на постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот ТС.бр.624/2014. Судскиот совет на Република Северна Македонија при проучување на преставката констатира дека во прилог со истата не е доставено полномошно како доказ дека подносителот како адвокат е овластен да превземате дејствија во име и за сметка на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „ФОКУСНЕТ" ДОО Штип. Имајќи го предвид наведеното до подносителот на преставката, ЗГ, адвокат од Штип од страна на Советот е доставено барање за уредување бр.08-166/2 од 10.05.2023 година со кое е побарано во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на барањето за уредување до Советот да достави уредно полномошно како доказ дека во постапката е овластен да превзема дејствија во име и за сметка на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „ФОКУСНЕТ" ДОО Штип. Со оглед да од доставувањето на барањето за уредување на преставката е изминат подолг временски период, а од страна на подносителот З.Г. адвокат од Штип не е доставено уредно полномошно Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на ден 08.11.2023 година констатира предметот да се смета за завршен, а преставката заведена во Советот под УПП.бр.08-166/1 од 19.04.2023 година да се архивира со службена белешка.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

**Претставка УПП. бр.08-203/23 од 26.05.2023 година**

Претставка препратена на надлежно постапување од Државниот управен инспекторат. Во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен граѓански суд Скопје по предметот П4 – 970/21, во делот на роковите на изготвување на одлуката, конкретно незадоволство од постапувањето на судијата од причини што не изготвила и до странките не доставила писмено изработена пресуда

2 месеци по објавувањето на истата. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата врз основа на што се утврди дека предметот е примен во Основниот граѓански суд Скопје на ден 10.12.2021 година и прифатен од судијата истиот ден. Судијата постапувала по предметот, редовно се закажувани и одржувани расправи и превземани се сите дејствија согласно одредбите од процесниот закон, меѓу кои и се изведени 96 докази на главната расправа. По заклучување на главната расправа судијата на ден 22.03.2023 година закажала рочиште за објавување на одлуката на кое пресудата била јавно објавена во присуство на полномошниците на странките, но истата била изготвена на 15.06.2023 година, односно подолг временски период по објавувањето. Поради наведеното претставката ќе се достави до членот на Советот кој согласно со годишниот распоред за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година е определен за координатор на Основниот граѓански суд Скопје да ја следи работата на наведениот судија. Воедно, подносителот е известен дека Судскиот совет на Република Северна Македонија, квалитетот на водење на судската постапка и квалитетот на ажурно постапување по судските предмети како квалитативни критериуми за судиското работење предвидени во чл.80 ст.1 алинеа 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, во кој спаѓа и почитувањето на роковите за изготвување на одлука Советот ќе ги земе предвид при оценка на работата на судијата.

Заменик претседателот и Член на Советот **Ханиф Зендели предлага** Претставка **УПП. бр.08-203/23** да биде неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

**Претставка УПП. бр.08-212/23 од 05.06.2023 година** - До Судскиот совет на Република Македонија од страна на Претседателот на Република Северна Македонија на надлежно постапување препратена е претставка поднесена од лицето В.Е. во својство на претставник на 69 текстилни работнички Во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Кавадарци по предметот П4-23/21 и се бара правилно и законито да се спроведе постапката пред второстепениот суд со почитување на правото на фер и правично судење, без влијанија и притисоци. Судскиот совет на Република Северна Македонија ја разгледа претставката на седницата на Советот одржана на ден 08.11.2023 година и по расправата, констатира дека истата е неоснована. Од направените извиди, изјавата

на судијата кој постапувал по предметот и доказите доставени во прилог со претставката Советот констатира дека судијата на Основен суд Кавадарци кој постапувал по конкретниот предмет, врз основа на изведените докази, донел одлука во која се изнесени доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето. Во конкретниот случај видно од апликацијата „Контрола на судови“ против одлуката донесена во прв степен е изјавена жалба од подносителот на претставката што упатува дека во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет. Согласно со наведеното, наводите изнесени во претставката се жалбени наводи и истите ќе бидат ценети од страна на Апелациониот суд Скопје како второстепен суд, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Заменик претседателот и Член на Советот **Ханиф Зендели предлага** Претставка **УПП. бр.08-212/23** да биде неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

**Претставка УПП. бр.08-222/23 од 05.06.2023 година -** во претставка се изразува незадоволство од постапувањето на судии на Апелационен суд Штип, по предметот РОЖ.бр.63/23. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката констатира дека судиите на Апелационен суд Штип кои постапувале по конкретниот предмет, врз основа на изведените докази, донеле одлука во која се изнесени доволно образложени причини за одлученото. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Во конкретниот случај донесената првостепена одлука во жалбена постапка била ценета од Апелациониот суд Штип. Апелациониот суд Штип како второстепен суд кој е единствено надлежен да одлучува во жалбена постапка постапувајќи по жалбата изјавена од подносителот на претставката во својство на тужител донел одлука со која истата ја одбил како неосновани и ја потврдил првостепената одлука. **В**о второстепената одлука второстепениот суд дал доволно образложени причини зошто е одбиено тужбеното барање и зошто не ги прифатил

жалбените наводи изнесени во жалбата поднесена од подносителот на претставката при што детално образложил зошто не е прифатен секој жалбен навод поединечно со наведување на конкретни одредби од законот во поткрепа на својата одлука. Согласно со наведеното, наводите изнесени во преставката се жалбени наводи и истите биле ценети од страна на Апелациониот суд Штип, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Заменик претседателот и Член на Советот **Ханиф Зендели предлага** Претставка **УПП. бр.08-212/23** да биде неоснована.

За збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска** и наведе дека и за мене е неоснована ова претставка но не за тоа што се жалбени наводи но затоа што во второстепената одлука тоа што е наведено врз основа на кои законски одредби не е прифатено тужбеното барање а тоа е ленот 128 од Законот за работни односи каде е регулирано во кој случај добиваат трошоци за храна при ноќна работа.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор

**Претставка УПП. бр.08-284/23 од 22.08.2023 година –** во претставка се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Кочани.Судскиот совет на Република Северна Македонија по расправата по претставката констатира дека во конкретниот случај видно од содржината на претставката во истата подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен суд Кочани без при тоа да наведе конкретно за кој предмет се однесува незадоволството. Според наводите од претставката незадоволството се однесува на постапување на судијата по барање за одлагање на рочиште поднесено од подносителот на претставката при што истото се заснова на претпоставки на подносителот кои не се поткрепени со соодветни докази. Истовремено од содржината на преставката произлегува дека во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет, кој е во тек и во кој пред првостепениот суд тековно се превземаат процесни дејствија согласо со законските одредби. Согласно одредбите од Законот за парничната постапка претседателот на Советот, односно судијата поединец раководи со главната расправа, се грижи за уредно и благовремено превземање на сите дејствија во текот на постапката одлучува за предлозите на странките, вклучително и за барањето за одлагање на рочиштата. Негова должност е да се грижи предметот на спорот сестрано да се претресе, но постапката

поради тоа да не се одолжува. Против решението на судот со кое се одлага рочиштето или се одбиваат предлозите на странките за одлагање на рочиштето, не е дозволена посебна жалба. Со оглед на околноста да во конкретниот случај се работи за активен предмет кој сеуште е во тек, во текот на времетраењето на првостепената постапка подносителот на претставката може да ги искористи правата кои се предвидени во процесниот закон, а по завршување на првостепената постапка пред првостепениот суд и донесување на првостепената одлука, може да го искористи правото на контрола на донесената првостепена одлука, доколку е незадоволен од истата со поднесување на жалба до надлежен второстепен суд. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Заменик претседателот и Член на Советот **Ханиф Зендели предлага** Претставка **УПП. бр.08-284/23** да биде неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

**Претставка УПП бр.297/23 од 12.09.2023 година**. – Во претставката подносителот изразува незадоволство од постапувањето на јавен обвинител од ОЈО Кичево и на судија на Основен суд Кичево. Судскиот совет на Република Северна Македонија по проучување на претставката констатира дека судијата против кого е поднесена истата не е активен судија, односно за истиот од страна на Советот е констатиран престанок на вршење на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Престанокот на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија е утврден со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-1590/1 од 27.07.2023 година. Со оглед на околноста дека во конкретниот случај станува збор за пензиониран судија, Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира предметот да се смета за завршен, а преставката заведена во Советот под УПП.бр.08-2971 од 12.09.2022 година да се архивира со службена белешка.

Заменик претседателот и Член на Советот **Ханиф Зендели предлага** Претставка **УПП. бр.08-297/23** да се заврши со службена белешка.

Претседателот на Советот  Сашко Георгиев отвори дискусија, но никој од членовите не се јави за збор.

**Претставка УПП бр.08-308/23 од 26.09.2023 година -** Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи претставката, ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 08.11.2023 година и по расправата констатира дека со известување УПП бр. 08-114/23 од 25.05.2023 година подносителот веќе е известен по однос на наводите од претставката. Со оглед на тоа дека ново поднесената претставка во Советот заведена под УПП бр.08-308/1 од 26.09.2023 година се однесува на прашања на кои на подносителот веќе му е одговорено и во истата не се наведуваат нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози утврди дека нема основ за повторно постапување по претставката, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

Заменик претседателот и Член на Советот **Ханиф Зендели предлага** Претставка **УПП. бр.08-308/23** да се смета за завршена.

**Претставка УПП. бр.08-317/23  од  04.10.2023 година -** во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Тетово. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставка ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 08.11.2023 година и по расправата, го констатира следното: Од апликацијата „Контрола на судови“ се констатира дека во конкретниот случај подносителот на претставката пред Основниот суд Тетово  на ден 03.04.2019 година иницирал судска постапка со поднесување на тужба со основ утврдување право на сопственост. По предметот е постапувано и истоот е завршен со донесување на првостепена одлука на ден 15.12.2021 година. Против наведената провстепена одлука на 02.02.2022 година е поднесена жалба по која со своја одлука на 20.10.2022 година се има произнесено второстепениот надлежен суд. Од наведеното произлегува дека во конкретниот случај е искористено правото на контрола на одлуката со поднесување на жалба до Апелационен суд Гостивар како надлежен второстепен суд кој се произнел по истата. Согласно со наведеното, наводите изнесени во преставката се жалбени наводи  и истите биле ценети од страна на повисокиот суд, во случајов Апелациониот суд Гостивар, кој согласно со одредбите од Законот за судовите, единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон.

Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Заменик претседателот и Член на Советот **Ханиф Зендели предлага** Претставка **УПП. бр.08-317/23** да се заврши со службена белешка

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ги стави на гласање предлозите на Ханиф Зендели сите претставки да бидат како неосновани. **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека со 10 гласа ,,За'' се усвоени предлозите.

**Точка 9**

**Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд;**

Претседателот констатира дека јавноста се исклучува за 9-та точка, а согласно чл.39 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ и го стави на гласање предлогот за исклучување на јавноста, по што консттаира дека со 10 гласа ,,За'' е исклучена јавноста.

**Точка 10 - Разно**

Претседтаелот на Совеот отвори дискусија по однос на постапка за мирно решавање на спорови и по кратка дискусија констатира дека е донесена следната

**Одлука**

за избор на членови на Одборот за помирување

По укажувањето на помирувачот м-р Илија Манасиев како и врз основа на член 20 како и врз основа на чл. 21 став 2 и 4 од Закон за мирно решавање на работните сопрови (Пречистен текст) службен весник на Рм, бр.104 од 11.07.2014 година, за членови на Одборот за помирување од страна на Судскиот совет на РСМ на 08.11.2023 во постапката за мирно решавање на спорови која што се води помеѓу Судскиот совет на Република Северна Македонија и синдикалната организација на Судски совет на РСМ со учество на помирувач и арбитер м-р Илија Манасиев се избрани :

1. Сашко Георгиев - Претседател
2. м-р Милазим Мустафа- Член
3. м-р Антоанета Димовска- Член

Примерок од избраните членови на Одборот за помирување да се испрати до помирувач м-р Илија Манасиев до денот на закажаната расправа на 14.11.2023 година по електронска пошта на ilijamanasiev@gmail.com и лично на рака.

Се констатира дека седницата заврши во 15.45 часот.

Тонскиот запис и Листингот со резултатите од гласањето се составен дел на овој записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Сашко Георгиев**

Изработил: Медиа Шаќири
Одобрил: Весна Толева